# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Согласно Извадокот на Нацрт записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на ден 28.06.2022 година, а во врска со Годишниот план за процена на ризици од корупција согласно Извештајот за усогласеност на ГРЕКО, согласно член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02 , 82/08, 167/10 ,51/11 и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19 и 110/19), В.Д Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство го донесе следниов:

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА 2024 ГОДИНА**

### 1. Вовед
### 1.1 Цел на планот

Годишниот план за спречување на корупција во Државниот инспекторат за земјоделство за 2024 година е резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, а има за цел преку детектирање на слабостите во процесите и делокругот на работата на Државниот инспекторат за земјоделствода придонесе за искоренување на корупцијата и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди владеење на правото, како и квалитетен и ефикасен придонес во борбата против корупцијата.

Планот за борба против корупција опфаќа различни аспекти, од дефинирање на корупцијата, до тоа што секој вработен може да стори за да ги идентификува и управува со етичките дилеми и ризикот од корупција. Овој план предвидува конкретни и ефикасни внатрешни и независни контролни механизми, редовни и повремени ненајавени ревизии во работните процеси.

Врз основа на членот 5 од Конвенцијата против корупцијата на Обединетите нации (UNCAC) предвидува дека секоја држава/страна на Конвенцијата, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, подготвува, спроведува и следи координирани политики за ефикасна превенција на корупцијата. При подготвувањето на овие политики неопходно е учество на сите сегменти од општеството и целосно почитување на принципите на правната држава, доброто владеење на правото, интегритетот, транспарентноста, отчетноста и одговорноста. Со други зборови, ова значи дека секоја држава треба да креира превентивни антикорупциски стратешки документи.

Корупцијата е инхерентна и неизбежна појава во сите општества низ целата човекова историја и во секое општество врши ерозија на институционалните

капацитети на Владата, го поткопува легитимитет на државните институции, со што се намалуваат демократските вредности - довербата и толеранцијата.
Корупција претставува најголема закана за владеењето на правото, демократијата и човековите права, чесноста и социјалната правда. Таа негативно влијание врз севкупниот живот и последиците од неа особено се одразуваат врз економскиот развој на земјата, воедно ги намалува приходите од даноците, ги зголемува трошоците за јавни услуги, и ја искривува распределбата на ресурсите во приватниот сектор. Согласно со законот за спречување на корупција, надлежно тело во Република Северна Македонија за донесување и спроведување на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси со Акционен план, како сеопфатна антикорупциска стратегија е Државната комисија за спречување на корупција ( ДКСК ), која исто така е надлежна и го следи остварувањето на мерките и активностите од Акциониот план. Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план за нејзино спроведување 2022-2025 е стратегија изготвена согласно визијата за општество засновано на највисоки етички вредности и интегритет, што на сите граѓани им овозможува еднаков пристап до одговорни и транспарентни институции и почитување на човековите права и слободи. Годишниот план за спречување на корупција за 2024 година е изработен и донесен во насока за исполнување на горенаведениот стратешки преоритет.
Овој план се фокусира на утврдување на конкретни активности, и има цел да воспостави систем на мерки што ќе овозможат справување со корупцијата, идентификување на причините, условите и факторите што ја овозможуваат.
<u>Релевантна законска рамка во Република Северна Македонија</u>

- Закон за спречување на корупција и судир на интереси (Службен весник на РМ, бр.12/2019 од 19.01.2019),
- Закон за лобирање (Службен весник на РМ, бр.106/2008 од 27.08.2008),
- Кривичен законик,
- Кодекс на етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата,
- Закон за административни службеници,
- Закон за вработените во јавниот сектор,
- Кодекс за административни службеници,
- Етички кодекс на инспекторите

Главен предизвик на Државниот инспекторат за земјоделство во 2024 година е ефикасно детектирање на ризиците од корупција и нивно соодветно санкционирање. За реализирање на оваа цел неопходна е подршката од заедницата, раководниот кадар, како и сите вработени кои мора да промовираат висок степен на интегритет во работењето, нулта толеранција на корупцијата, препознавање на сите облици на корупција и да ја поседуваат способноста да се спротистават на истата.

**1.2 Целна група:**


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

Целна група во спроведување на Годишниот план за спречување и борба против корупција се сите вработени во Државниот инспекторат за земјоделство.
Генерална цел е инспекторат без случаи на корупција, конфликти на интереси, перење на пари и вмешаност во организиран криминал.

Специфична цел :

- Постапување во согласност со Уставот и законите,
- Професионално и непристрасно постапување од секое вработено лице, секое избрано или именувано лице на функција, со јавно овластување и службена должност, како и избегнување на евентуален судир на интреси,
- Обезбедување на отчетност за работите од јавен интерес во областите во надлежност на инспекторатот,

### 1.3 Основни поими согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси:

Согласно Законот за спречување на корупција, под <u>корупција</u> се подразбира "злоупотреба/искористување на функција, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на корист, директно или преку друг, за себе или за друг". Таа може да биде <u>пасивна корупција</u>, каде постои намерно делување од страна на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски. Додека под поимот <u>активна корупција</u> се подразбира намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
<u>Ризик од корупција</u> е кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на институциите од јавниот сектор.
<u>Интегритет</u> е секое законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои одговорните лица и вработените го чуваат својот углед и угледот на институцијата. На ниво на една организација, интегритет значи „отпорност кон корупција", додека систем за интегритет го означува збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени.
Систем на интегритет претставува воспоставување на еден функционален систем на работење во институцијата, отстранување на ризичните точки, воспоставување на антикорупциските принципи и процедури на долгорочноодрживи основи.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389(02) 3121 462
www.diz.gov.mk

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави. Секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритет, но не секое кршење на интегритетот значи коруптивно однесување.

Судир на интереси е состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Постои директна врска меѓу корупцијата и судирот на интереси. Ако корупцијата е искористување на функцијата, јавните овластувања и службените должности за лична корист, тогаш судирот на интереси е состојба на судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на вработените. Оттаму, судирот се јавува како претпоставен, можен и "фактички " влез во корупција.

Вработените во ДИЗ при вршењето на нивните службени должности мора секогаш да дејствуваат во полза на јавниот интерес, со комплетно исклучување на нивниот приватен интерес, почитувајќи ги принципите на: законитост, ефикасност, доверливост, независност, индивидуалност, чесност и професионалност.

Корупцијата се појавува во бројни форми од кои најчесто застапени се следните:

- Злоупотреба на службена должност
- Поткуп
- Тргување со влијание
- Користење на службени добра за лични потреби
- Судир на интереси
- Изнуда
- Непотизам
- Кронизам
- Само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма).

Искуствата покажуваат дека работните места во Секторите за инспекциски надзор во ДИЗ поради специфичната проблематика која ја покриваат се издвојуваат како работни места подложни на корупција. Репресивниот пристап и јасната порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана, претставуваат висок приоритет на ДИЗ за 2024, со цел превенција и спречување на било какво коруптивно однесување на вработените во инспекцискиот орган.

Во рамки на превенцијата фокусот ќе биде насочен кон елиминирање на слабите точки кои создават можности за извршување на коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја,

нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

**2. Фактори на ризик во инспекциска постапка**

Ризикот претставува ефект од неизвесноста врз целите" односно "Ризикот е можност да се случи нешто што ќе има влијание врз целите."

Под „Фактор на ризик од корупција" се подразбира сè што може да биде „прозор" за корупција, односно сè што може да поттикне вршење и толерирање на корупција.

Ризикот од корупција треба да се разбере како поширока категорија зашто може да биде производ од повеќе фактори на ризик.

Најчестата поделба на факторите на ризици од корупција ги опфаќа следните четири групи:

- Системски/надворешни фактори на ризикот од корупција,
- Институционални/организациски фактори на ризикот од корупција,
- Индивидуални / човечки фактори на ризикот од корупција,
- Фактори поврзани со оперативен процес во дадена област/ сектор (пр: област – јавни набавки).

Човечки фактори од ризикот од корупција:

- Недостаток на интегритет кај инспекторите;
- Изложеност на политички влијанија, изложеност на притисоци од влијателни структури ( работодавачи, директори, претставници од извршната власт );
- Непочитување на законските начелата и нормите од Етичкиот кодекс на однесување;
- Нелегална дојава за инспекциските надзор до субјектите кај кои истиот треба да биде извршен;
- Неажурно распоредување на предметите за постапување и прикривање и непостапување по дојави и претставки од страна на граѓаните/земјоделците;

Фактори на ризик од корупција поврзани со процесот на инспекциски надзор:

- Намерно не утврдуваање на реалната фактичката состојба;
- Прикривање на презентираните факти и докази при надзорот и одолговлекување на инспекциските постапки;
- Намерно не донесување на инспекциска мерка а се со цел остварување на личен интерс или стекнување на противправна имотна корист;
- Злоупотреба на начелото на самостојност без да се почитува начелото на законитост;
- Злоупотреба на начелото за пропорционалност, при што за отстранување на недостатоците не се раководи од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица.

Поради горенаведеното, општи мерки кои се однесуваат на спречување на корупцијата во ДИЗ се:


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3131 463
www.diz.gov.mk

1. Јакнење на капацитетите на институцијата со посебен акцент на јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупција во ДИЗ;
2. Доследна примена на законската регулатива во справувањето со корупцијата
3. Доследно почитување на Етичкиот кодекс на инспекторите и Етичкиот кодекс на административните службеници;
4. Професионализација, департизацијаи деполитизација на вработените;
5. Отчетност и транспарентност во справувањето со корупцијата;
6. Спроведување на проценка за ризик од појава на корупција на работните места;
7. Зајакната меѓуинституционална и меѓународната соработка во борбата против корупцијата;
8. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и процесот за управување на јавните финансии;
9. Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција;
10. Јакнење на капацитетите на вработените преку обука за доследна примена на законските одредби

## 2.1 Мерки и активности за остварување на целите на планот

### 2.1.1 Јакнење на капацитетите на институцијата со посебен акцент на јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупција во ДИЗ

Интегритетот во работењето на вработените во ДИЗ претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Истиот, може да се разгледува како интегритет на индивидуите и интегритет на институцијата. Интегритетот на инспекторите наложува нивното работење да биде со јасно дефинирани етички вредности како што се непристрасност, еднаквост, праведност, чесност и почитување на човековите права (начелото на законитост; начело на јавен интерес; начело на еднаквост; непристрасност; објективност; начело на одговорност; начело на материјална вистина; начело на сослушување на субјектите на инспекциски надзор; начело на самостојност; начело на пропорционалност; начело на превенција). ДИЗ како институција треба да го промовира интегритетот на сите нејзини нивоа. Инспекторот со интегритет потребно е да претставува пример за своите колеги бидејќи тој/таа е клуч во борбата против корупцијата.. Оттука, инспекторите потребно е своето однесување да го усогласат со етичките вредности кои се утврдени во Етичкиот кодекс на инспектори.

Во периодот кој претстои треба да се работи на јакнење на интегритетот на вработените на сите нивоа, преку спроведување на обуки, преку соработка со ДКСК, МИОА и други релевантни институции за конкретна област. Обуките треба да се спроведуваат континуирано, односно професионалното и стручното усовршување на вработените да биде континуирана активност. Годишните програми за обука на вработените инспекторатот и во иднина ќе имаат обврска во годишните програми да планираат и соодветни обуки од областа на антикорупција со посебен акцент на службите кои се најподложни на корупција и коруптивно однесување. На овој начин ќе се овозможи

стекнување на знаења и способност за препознавање на злоупотребите и ќе се обезбедат соодветни техники за отпорност кон корупција. Во реализирање на овие активности значајна е улогата на раководителите кои преку личен пример ќе наметнат вредности кои ќе влијаат на намалување на корупцијата.

**2.1.2 Примена на законската регулатива во спроведувањето на корупцијата**.

Неопходно е доследно почитување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, Законот за инспекциски надзор од каде произлегуваат надлежностите на инспекторите при спроведување на инспекциската постапка, изрекување на инспекциски мерки чие доследно спроведување би влијаело врз законското и правилно извршување на работните задачи кои спаѓаат во делокругот на нивните надлежности.

Вработените во ДИЗ при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси. Потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност. Вработениот не смее да биде изложен на притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице, не смее да ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист. Вработениот не смее да дава „повластен" третман на определен(и) субјект(и) на надзор. Одговорното лице кое учествува во јавна набавка не смее да да врши незаконско влијание во постапка за јавна набавка, и службеното лице на смее да има директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности со неговите постојни приватни интереси. Правните акти што се резултат на корупција или судир на интереси или се донесени, односно склучени заради корупција, односно во состојба на судир на интереси се ништовни. Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување. Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен. Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата. Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со закон. Моменталната поставеност на законската регулатива, Законот за инспекциски надзор, Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, остава можност инспекциските постапки да се одолговлекуваат со што како последица истите иницираат можност за коруптивно однесување. Имено, во сите наведени закони дадена е можност да се изрече како инспекциска мерка решение за опомена и решение

за наредба без при тоа да се цени тежината на утврдената неправилност и сторениот прекршок, што исто така создава можност за коруптивно однесување. Затоа потребно е изработка на план за соодветни континуирани обуки од областа на антикорупцијата во годишниот план за работа на ДИЗ, со посебен акцент на секторите кои се најподложни на коруптивно однесување. За таа цел директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, донесе Интерен акт за управување со судир на интереси во Државниот инспекторат за земјоделство со арх.бр.03-1148/1 од 23.11.2023 година.

**2.1.3 Почитување на етичкиот кодекс на инспекторите и Етичкиот кодекс на административните службеници.**

Секој инспектор и административен службеник потребно е да има висок степен на познавање на двата кодекси каде е утврдено дека инспекторите и административните службеници не смеат да се поставaт во материјална или друга зависност од други лица или органи, инспекторите не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист, а имаат обврска да се спротивставуваат на сите форми на корупција во рамките на Државниот инспекторат за земјоделство. Кодекстите се пропишани заради почитување и примена на етичките стандарди и правила на однесување на административните службеници. Поттикнувањето на доброто постапување и однесување на службениците ќе ја зајакне довербата на граѓаните во работата на Инспекторатот. Административните службеници своите работни задачи да ги извршуваат посветено и професионално врз основана компетенции, правила и процедури од службата, при тоа работејќи непсистрасно, обезбедувајќи еднакви стандарди при испорачување на услугите. Административните службеници при вршење на своите приватни работи да не го користи стаусот на службеник заради остварување на лична корист и злоупотреба на службена должност. Со цел подигнување на довербата на граѓаните како и транспарентност и отчетност на Државниот инспекторат за земјоделство секој вработен е должен да обезбеди соодветни, навремени и целосни информации во делокругот на своето работење, при тоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци. Службениците во јавните настапи во кои ја претставуваат инситуцијата изнесуваат исклучиво официјални ставови во согласност со прописите и законите, додека во јавни настапи во кои не ја преставуваат институцијата не смеат да изнесуваат податоци од делокругот на својата работа и работното место, со што би се нарушил угледот, довербата и политичката непристрасноста кон граѓаните/земјоделците. За таа цел потребен е системски пристап, односно одржување на обуки кои ќе овозможат овие Кодекси на етика да бидат разбрани, прифатени и имплементиран од сите вработени во Државниот инспекторат за земјоделство, како и усогласување на Кодексот за етичко однесување на инспекторите со новиот Закон за инспекциски надзор. Во таа насока директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе Етички кодекс на вработените кои вршат работи во Државниот инспекторат за земјоделство со ар.бр.03-1150/1 од 23.11.2023 година.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

### 2.1.4. Професионализација, департизација и деполизитација на вработените

Државниот инспекторат за земјоделство има обврска да им служи на граѓаните, а не на политичките партии. Во ниту еден момент не смее да се заборави дека ДИЗ треба да биде институција која ќе биде почитувана од граѓаните без разлика од на нивната политичка определба.
Стратешки преоритет на ДИЗ е изнаоѓање на рационални и остварливи решенија за департизација и деполитизација на вработените. Департизацијата треба да овозможи постигнување на висок степен на професионалност и ефективност која ќе се оценува преку постигнатите резултати, начелата на еднакви можности и соодветна и правична застапеност. Преку почитување на начелото на законитост и непристрасност со праведен и неселективен пристап при вработувањето, како и примена на принципите на стручност и објективност при унапредувањето и наградувањето на вработените на ДИЗ, ќе се овозможи создавање на инспекциска служба која ќе биде ослободена од партиските влијанија и целосно посветена на потребите на граѓаните. Посебен акцент треба да се посвети на професионализацијата на високите раководни позиции и на разграничувањето на политичкото и професионално влијание на работењето на инспекциската служба.
Поддршката од граѓаните е најважна за остварување на оваа цел бидејќи од нив се очекува да ја пријават секоја злоупотреба и секој вид на корупција, ослободени од било какви стравувања и без било какви последици. За таа цел потребно е да се намалат ризиците за корупција при постапките за вработување преку стручноста и компетентноста на кандидатите и административните службеници, како и спреведување на внатрешна контрола во работењето од непосреден и повисок раководител во секторите и функционерот.
За таа цел е потребно да се спроведе ревидирање на функционалната анализа за утврдување за тоа колкав број на вработени се потребни за извршување на одредени работни задачи во одредени сектори и одделенија, и истовремено ќе утврди какви стручни квалификации се потребни да ги поседуваат вработените лица за вршење на конкретни работни задачи. Треба да се воспостават и применат мерливи критериуми за унапредување на административните службеници што ќе овозможи унапредување на вработените врз основа на квалитет и систем на вредности.

### 2.1.5. Отчетност и транспарентност во справувањето со корупција

Државниот инспекторат за земјоделство јасно ја декларира намерата да се позиционира како транспарентна институција во државата и да биде пред се и над се, сервис и услуга отворена и достапна за граѓаните и подготвено да одговори на сите прашања и да се справи со критиките на јавноста. Транспарентноста за работата во инспекторатот треба да се однесува за сите прашања од делокруг на надлежностите на инспекторатот, која подразбира дека на јавноста ѝ треба да и се лесно достапни политиките, законите, буџетите и информациите за донесените одлуки и активности на државниот инспекторат за земјоделство. Граѓанските организации мора да учествуваат во

борбата против корупцијата, да бараат отчетност, транспарентност но и вклучување во донесувањето на одлуките, како и да ја искористат врската со граѓаните/земјоделците при адресирање на проблемите од областа на корупцијата. Целта на отчетноста е да се спречи злоупотребата на службените овластувања, да се спречи политичкиот авторитет од злоупотреба на неговата контрола врз инспекторите, да се унапреди интегритетот на инспекторите и да се зголеми довербата на граѓаните во професионалноста и ефикасноста на инспекторите. На веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и понатаму ќе се продолжи со практиката да се објавува планот за јавни набавки, огласите за јавни набавки, реализацијата на договорите за јавни набавки, разни информации, финансиски извештаи, кампањи, извадоци од дневните настани кои се поврзани со работата на државниот инспекторат за земјоделство.

**2.1.6 Спроведување на проценка за ризик од појава на корупција на работните места**

Секој аспект од работењето на вработените може да биде подложен на коруптивно однесување. Проценката на ризикот од корупција ќе овозможи воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази и ќе овозможи со ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултатите во борбата против корупција.

За таа цел потребно е јасно дефинирање на категориите на работни места со најголем ризик од корупција. Поради тоа што некои работни места, во одредени сектори во ДИЗ се поподложни на корупција, неопходно е раководителите на секоја организациона единица да извршат проценка на ризикот од корупција на секое работно место.

Државниот инспекторат за земјоделство ќе изработи Регистар на ризици и план за третирање на истите. Регистарот на ризици е основа за управување на ризици и нивно третирање. По изработка на Регистрот ќе се премине кон управување со ризиците преку конкретни мерки и активности и истиот ќе подложи на ревизија еднаш годишно.

Врз основа на извршените анализи за елиминирање на ризиците од коруптивни појави при инспекциски надзор, во нај кус можен рок Државниот инспекторат за земјоделство потребно е да воспостави електронски систем за уредна, навремена и неселективна поделба на предметите. Согласно начелото на отчетност да воспостави систем на контрола врз основа на кој директорот и раководителите ќе можат да имаат увид во секоја фаза од постапувањето на инспекторите, инспекцискиот надзор да се реализира со присуство на најмалку двајца инспектори, како и да се засили контролата на користење на службените возила исклучиво за службени потреби, согласно донесениот Правилник за користење и сервисирање на возниот парк на ДИЗ, набавка и начинот на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS системот со број 02-952/1 од 02.11.2017 година и измена и дополнување на Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на ДИЗ, набавка и начинот на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS системот број 03-796/1 од 20.09.2021 година

### 2.1.7 Зајакната меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата

Корупцијата како константна закана за стабилноста на државата потребно е во континуитет да се пресретнува и совладува со сите законски и институционални алатки како на превентивен така и на репресивен план. Во таа насока е зајакнувањето на меѓуинституционалната соработка и воспоставување на контакти помеѓу државните инспектори и клучните чинители задолжени за справување со корупијата, со што ќе се овозможи навремена и квалитетена размена на информации и сознанија за корупција кои ќе резултираат со ефикасно санкционирање на извршителите. Потребно е јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за земјоделство за борба против корупцијата и развивање на соработката со Државната комисија за спречување на корупција, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Основното јавно обивинителство за гонење на организиран криминал и корупција, и Царинската Управа. Борбата против корупцијата бара постојан ангажман на сите релевантни тела во земјата кои постапуваат согласно нивните законски утврдени надлежности. Оттука, меѓуинституционалната соработка на инспекторатот со гореназведенети институции ќе биде водечка сила во борбата против корупцијата. За таа цел потребно е потпишување на меморандуми за соработка со Организацијата на работодавачи, стопанските комори и синдикати кои ќе придонесат во целосно идентификување на коруптивните елементи при вршење на инспекциски надзори од страна на инспекторите.

### 2.1.8 Зајакната контрола и надзор на Јавните набавки и процесот за управување на јавните финансии

Државниот инспекторат за земјоделство е со својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија и ќе работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со финансиските ресурси. Посебно внимание ќе посвети на анализата на недореченостите и пропустите во процесот на јавните набавки. Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финаниските ресурси на Државниот инспекторат за земјоделство. Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата. Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се принципот на: *еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти; *транспарентност која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки; *рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари. Државниот инспекторат за земјоделство  преку надлежната организациска единица за внатрешна ревизија потребно е да креира сеопфатен стратегиски пристап кој

ќе ги намали ризиците од корупција во јавните набавки. Оттука неопходно е доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика. Потребна е зајакната контрола и надзорот над спроведувањето на договорите за јавни набавки од надлежната организациска единица во Државниот инспекторат за земјоделство, која за да профункционира неопходно е да биде екипирана со потребниот административен капацитет. Исто така, неопходно е следење на спроведувањето на правилата за транспарентност, правото на пристап до информации и спречување на судир на интереси, како и систематска проценка на ризикот и поставување приоритети во надзорот на јавните набавки. Со цел елиминирање на било какво коруптивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени треба доследно да се почитува интерната процедура за јавни набавки на Државниот инспекторат за земјоделство, донесена од страна на директорот со бр.05-690/1 од 04.08.2021 година. Со почитување на процедурата и покажување на висок степен на транспарентност на процесот на јавни набавки, ќе се елиминираат сите влијанија и можности за било какво коруптивно однесување. Непочитувањето на процедурата ќе сноси одговорност за секој вработен во Државниот инспекторат за земјоделство и за одговорното лице во Државниот инспекторат за земјоделство. Потребно е да се направи анализа на јавните набавки од претходната финансиска година, со причините за нивната нереализацијата и препораки за идните јавни набавки, со цел контрола на нивното спроведување.

Отчетното управување со јавните финансии е од витално значење, и во таа насока Државниот инспекторат за земјоделство ја препознава потребата од ажурно споделување со јавноста на содржината на годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки. Потребно е воведување на пошироки овластувања за ревизорите од внатрешна ревизија при МЗШВ согласно склучениот договорот со број 03-185/1 од 19.02.2016 година, како и зајакната контрола при исплата на средства на повеќе нивоа, односно доследна примена на процедура за процес на исплата на превземени обвски, преку воведување на контрола на второ ниво, како и примена на процедура за процес на исплата на патни и дневни трошоци за патување во земјата и странство.

### 2.1.9 Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција.

Сузбивањето на корупцијата е долготраен процес кој бара упорност, професионален однос и меѓусебна соработка на Државниот инспекторат за земјоделство со граѓаните. Нивото на поддршка која инспекторите ќе ја добијат од граѓаните зависи од степенот на нивната меѓусебна доверба, кој пак ќе зависи од ефективноста на спроведување и извршување на своите должности, професионално, правично и чесно. Граѓаните од инспекцијата која има обврска да го спроведува законот очекуваат да биде прва во почитување на истиот.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.dis.gov.mk

Ваквиот меѓусебен однос ќе доведе до зголемена доверба помеѓу граѓаните и инспекторите што само по себе ќе резултира со зголемена ефикасност во постапувањето на инспекторите.
Широката јавност мора да верува во реформите на самиот инспекциски систем "*Реформирани инспекции за поквалитетно работење*". Затоа при секоја интеракција со било која целна група, целта е да се биде јасен во пренесување на следните пораки:

- Инспекторите/ Инспекторатот се посветени и одговорно работат да ги заштитат правата на граѓаните, бизнис секторот, како и почитување на правото.
- Инспекторите се транспарентни.
- Инспекторите имаат одговорност да постапуваат совесно.
- Реформите го подобрија секојдневното живеење на граѓаните, како и условите за работата на бизнис заедницата.

Инспекторатот ќе продолжи да гради партнерски однос со бизнис заедницата и севкупна мисија на подобрување на работењето на бизнисите со предлог конструкција "***Инспекцијата го подобрува Вашето работење***" или "***Инспекторите работат во Ваша полза***". Вработените во Инспекторатот, ќе имаат професионален пристап со високо ниво на исполнување на задачите со предлог констуркција "***Професионални инспектори за професионални бизниси и институции***".

Корупцијата негативно влијае на довербата на јавноста во инспекциските служби. Оттука е неопходна зголемена транспарентност на Државниот инспекторат за земјоделство во однос на преземените мерки за откривање и санкционирање на сите форми на корупција и јасно декларирани пораки дека инспекторите имаат сериозен и сеопфатен пристап во борбата со корупцијата. За таа цел директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе Процедура за користење на службени уреди ( ИТ ОПРЕМА ) во Државниот инспекторат за земјоделство со арх.бр.03-1146/1 од 23.11.2023 година, потоа се донесе Упатство за користење на прекувремена работа во Државниот инспекторат за земјоделство со арх.бр.02-1109/1 од 05.11.2019 година, Упатство за начин и постапка за евидентирање на работно време, ноќна работа, работа во смени, годишни одмори и слободни денови, со арх.бр.03-1147/1 од 23.11.2023 година, како и Упатство за реализирање на службени патувања на Државниот инспекторат за земјоделство со арх.бр.03-1149/1 од 23.11.2023 година.
Инспекторатот ќе работи на унапредување на соработката со невладиниот сектор и здруженијата на граѓани во насока на подигнување на свеста кај граѓаните дека корупција во инспекциските служби е неприфатлива и најефективен начин за нејзино сузбивање е пријавување на сторителите.
Со цел враќање на довербата на граѓаните ДИЗ, навремено одговори на обврската за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени за заштитено внатрешно и заштитено надворешно укажување, назначи овластено лице за постапување по преставки и предлози, како и лице за интегритет, примање на подароци и судир на интереси.

### 2.1.10 Екипирање/кадровско пополнување на работните места на одделението за внатрешна контрола

Антикорупциската борба во Државниот инспекторат за земјоделство во континуитет ќе биде насочена кон одржување на веќе постигнатите резултати и подигање на нивото на ефикасност. Одделение за внатрешна контрола со својата проактивна борба против корупцијата ќе превзема мерки и активности со кои ќе го стесни просторот на корупвтивното однесување на вработените во Државниот инспекторат за земјоделство, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај на незаконито, непрофесионално, нефективно и неетичко постапување на вработените во Државниот инспекторат за земјоделство. Одделението за внатрешна контрола ќе врши континуирани посети во сите организациони единици во Државниот инспекторат за земјоделство со цел доследно применување на законските прописи, постапување согласно етичкиот кодекс во насока на подобрување на односот со субјектите/физичките лица (граѓаните), кон своите претпоставени и блиски соработници вработени во институцијата.
Врз основа на прибраните податоци, информации и сознанија до кои ќе дојде Одделението за внатрешна контрола ќе бидат превземени плански и организирани мерки и активности со цел документирање и докажување на неетичкото, незаконското, непрофесионално и коруптивно постапување на вработените во Државниот инспекторат за земјоделство.
Антикорупциската борба во Државниот инспекторат за земјоделство во континуитет ќе биде насочена кон подигнување на нивото на постигнатите резултати, со оглед на тоа дека борбата против корупцијата е најголем предизвик за секое демократско општество.

### 2.1.11 Активности за имплементација на годишниот план

Врз основ на извршената анализа и идентификуваните фактори на ризик, ДИЗ ги предлага следните активности за намалување или елиминирање на ризик од коруптивни појави (Табеларен преглед на: Акциски план за реализирање на активностите на Државниот инспекторат за земјоделство).


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

## Акциски план за реализирање на активностите на Државниот инспекторат за земјоделство

| Активности | Задолжен лице/сектор | Рок за имплементација |
|---|---|---|
| Јакнење на капацитетите на институцијата со посебен акцент на јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупција во ДИЗ | Одделение за човечки ресурси/раководители на одделенија/сектор/директор | Континуирано |
| Примена на законската регулатива во справувањето со корупцијата | Инспектори од одделенијата за инспекциски надзор | Континуирано |
| Почитување на Етичкиот кодекс на инспекторите и Етичкиот кодекс на административните службеници | Директор/раководители на сектор/одделенија/ одделение за човечки ресурси | Континуирано |
| Професионализација, департизација и деполизитација на вработените | Директор/раководители на сектор/одделенија/ одделение за човечки ресурси/внатршна контрола | Континуирано |
| Отчетност и транспарентност во справувањето со корупцијата | Сектор за човечки ресурси/одделение за јавни набавки/ одделении за финансии | Континуирано |
| Спроведување на проценка за ризик од појава на корупција на работните места | Директор/раководители на сектор/одделенија/внатршна контрола | Континуирано |


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| Зајакната меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата | Директор/раководители на сектор/одделенија | Континуирано |
| Зајакната контрола и надзор на Јавните набавки и процесот за управување на јавните финансии | Одделение за финансиски работи и прашања/вработени кои учесвуваат во процесот на јавни набавки/овластено лице за слободен пристап на информации од јавен карактер | Континуирано |
| Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција. | Директор/раководители на сектор/одделенија | Континуирано |
| Екипирање/кадровско пополнување на работните места на одделението за внатрешна контрола, со цел преземање на низа мерки и спроведува постапки за оценување на законитоста на постапувањето на вработените и негово материјално-техничко опремување | Директор/ одделение за човечки ресурси/одделение за внатршна контрола | 2023-2024 |

**3. Следење, евалуација и известување**

Индикатори кои ќе бидат основа при анализата на успешност од реализација на предвидените активности:

1. Број на спроведени обуки за јакнење на капацитетите за нетолеранција кон корупцијата


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

2. Број на поднесени поплаки или преставки за коруптивно однесување од странки или работодавачи
3. Број на предмети од Етичката комисија

Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство е надлежен да ја следи реализацијата на годишниот план и активностите утврдени во истиот врз основа на кварталните извештаи од одговорните лица за секоја активност во Планот.
Секторот за нормативни и правни работи како и Секторот за административна подршка на директорот, дирекно ќе го следат спроведувањето на годишниот план.
Во зависност од потребите содржината на годишниот план може да е предмет на измени.

**4. Завршен дел**

Овој План влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство.

Бр.01-1251/1

21.12.2023 година

Скопје

**В.Д. Директор на Државниот инспекторат за земјоделство**

**м-р Јане Станкоски**


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk